СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 8 јуни 2004 година

Седницата се оджа во сала 1, на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пред да ја отворам новата седница, на која ќе се изврши избор на заменици, предлагам г-динот Владо Бучковски да даде свечена изјава бидејќи  не беше во можност да присуствува на чинот на давањето на свечена изјава на членовите на Владаа.

Го молам министерот Владо Бучковски да даде свечена изјава и ве молам сите да  станаме.

Го молам министерот Владо Бучковски да го повторува по мене текстот на свечената изјава.

“Изјавувам дека функцијата министер за одбрана на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

Ве молам да ја потпишете свечената изјава.

(Аплауз во салата, а г-динот Бучковски го потпишува текстот на свечената изјава).

Дами и господа пратеници, ја отворам 68 - та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ, Трифун Костовски, Љубе Бошковски, Љупчо Георгиевски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Коце Трајановски, Блаже Стојановски, Али Ахмети, Талат Џафери, Теута Арифи, Г'зим Острени и Ванчо Георгиев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Од она што можам да го видам, незнам дали имаме доволно кворум, но сепак ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Присутните се 55 пратеници, ни фалат уште 6 пратеници, и молам да се обезбеди кворум.

Да ве известам дека со 61 глас се прогласуваат замениците министри.

Објавувам пауза од 15 минути за да се обезбеди кворум, а потоа веднаш почнуваме со дневниот ред.

(Пауза од 10,20 до 10,35 часот).

Ги известувам координаторите, ако за пет минути не се обезбеди кворум, ќе ја прекинам седницата и ќе продолжиме со претходната седница што беше најавена.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собрнаието и дека Собрнието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на предлогот за именување заменци на министри.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 60 гласале за, нема воздржани и 4 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за именување заменици на министри

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 64 гласале за, нема воздржани и 2 гласале против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на прватa и единствена точка на дневен ред:

- **Предлог за именување заменици на министри**

Повелете г-дине Караџоски, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, од името на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ барам половина час пауза заради дополнителни консултации.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам 15 минути пауза за консултација.

(Пауза од 10,40 до 10,55 часот).

Продолжуваме со првата точка од дневниот ред - Предлог за именување заменици на министри.

Предлогот за именување заменици на министри Ви е доставен.

Ве известувам дека именувањето заменици на министри се врши со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Гласањето ќе го извршиме по предлогот во целина со јавно гласање.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски, а после него да се подготви г-динот Жарко Караџоски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници,

Пред нас го имаме предлогот за именување заменици министри. Минатиот пат говоревме за министрите, три дена се обидувавме да кажеме кои работи не чинат, но на крајот заврши како што заврши. Султанот во Република Македонија продолжува онака како што власта треба да ја задржи уште многу години. Цело време слушаме за рамковни договори, за проценти, за неисполнување на квоти, за правото на жените да бидат 30% горе, 30% долу на листите за избори. Сите заедни се обидуваме да кажеме дека само стручни луѓе од одредени области ќе можат да ја извадат државата од колапсот во кој е западната, кои ќе ја изведат на патот на ЕУ, и ќе овозможат подобро живеење во Република Македонија.

Гледајќи ја пред мене листата на предлози, видов дека меѓу првите тројца има една жена и меѓу последните тројца има една жена, но, меѓу другите 8 нема ниту една. Значи, само тој предуслов е исполнет ако тоа нешто значи. Што се случува со другите проценти, едноставно ќе видиме дека на листата има шест албанци, сигурно, претпоставувам, ова не е договорот кој рековте дека СДСМ со ДУИ никогаш не го правел пред избори, уште помалку тајно за да добијат толку

заменици министри. Но, пред нас ги имаме луѓето. Гледаме дека македонци има само 35%, власи 7%, срби 7%, бошњаци 7% и по ова што го гледаме стигнуваме до состојба дека не се исполнети овие услови за кои току жестоко се бориме во сите дискусии, повикувајќи се на Рамковниот договор.

Во однос на жените, тие се застапени со 14%. Но, сето ова апсолутно не би било во прашање доколку сме добиле квалитетни решенија, без разлика од која националност доаѓаат, но да видиме сега што е понудено, нивната сериозност, нивната стручност и на крајот на краиштата, нивниот можен ангажман во унапрдување на процесите и напредокот во соодветните министерства.

Би започнал со оној што мислам дека е во ред, затоа што тоа е многу помалку од она што за мене е неприфатливо. Како прво, заменикот министер за финансии г-дин Димко Кокароски, мислев дека ќе добие шанса да биде министер после одењето или смената на г-динот Петар Гошев, но тоа не се случи. Му посакувам успешна работа затоа што од успесите на тоа Министерствто зависат сите позитивни текови во државата. Со тоа мислам дека кажав се.

Ноивот предлог доцент Андреја Арсовски, според она што стои во неговата биографија, мислам дека работите се движат по една нормална траекторија и дека ќе ја оправда оваа функција која му е доделена. Тоа е она што е вистинска понуда и толку.

Со одредени личности кои можат, но и не мора во секторите во кои ќе работат, затоа што нивното образование не одговара на министерствата каде што се предложени. Би сакал да го споменам г-динот Тале Герамитчиоски, кој и претходната година ипол, а и сега, со последните одлуки кои доаѓаат од Министерството за образование и наука, во кое тој заедно со министерот апсолутно не функционираат. Тоа се случи и во многу други претходни кризни ситуации во однос на образованието и мислам дека и сега би требало да се најде некое решение, министерот и заменикот министер да функционираат. Донесувањето на различни одлуки кај голем дел од граѓаните, посебно јавноста во Република Македонија, доведува до една забуна. Значи, тука би ја вклучил и постојната одлука за изучување на албански јазик, за која г-динот Тале Герамитчиоски не беше ни известен.

Од останатите предложени кандидати, тројца се мои колеги, дипломирани електроинженери, со кои сигурно се сака да се надополни отсуството на големиот претходен премиер Бранко Цвенковски, исто така електроинженер и мислам дека и тројцата без искуство и без многу познавања на местата на кои сега ќе треба да

работат. Тоа се Министерството за одбрана, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање. Првиот работи како професор, раководител на Компјутерскиот центар, Републички трудов инспектор и пратеник. Во меѓувреме, член на ОНА односно ДУИ и можеби тоа искуство доаѓа од тие воени времиња за одбрана на човековите права и со тоа го добил она што е пред нас, а тоа е да биде предложен за заменик министер во Министерството за одбрана.

Вториот бил раководител на Сектор за климатизација во Приватното претпријатие “Омни трејд”, а сега која е врската меѓу овие две работи не знам. Се надевам дека вие ќе ми помогнете, да видиме дали тука има некоја врска или станува збор за сосема случајна работа.

Третиот е заменикот министер Драгољуб Матовски со Министерството за животна средина и просторно планирање. Бил електроинженер во Тетекс - енергоодржување, “Автотекс”, “Медиа електроника”, директор, сега заменик минисер - тешко ми оди ова да го поврзам едно со друго, но во секој случај му посакувам успешна работа.

Хазби Лика, има завршено факултет за јазици и книжевност. Се предлага во Министерството за внатрешни работи за заменик министер. Бидејќи неговата биографија е многу кратка би сакал и граѓаните на Република Македонија да ја слушнат, да видиме кого добиваме за заменик министер за внатрешни работи. Роден е на 19.04.1972 во Тетово. Дипломирал на Факултетот за јазици и книжевност во Тирана. Бил пратеник во Собранието на Република Македонија. На сегашната функција се наоѓа од 27 јуни 2003 година. Тоа е се за г-динот заменик министер за внатрешни работи.

Ако минатиот пат во однос на министерот говоревме дека добиваме во МВР професионалец, во случајот што добиваме со г-динот Хазби Лика не ми е јасно. Факултет за јазици и книжевност со заменик министер за внатрешни работи - освен ако не е ова првото, неговото воено искуство од времињата во Република Македонија и можеби токму тоа е причината г-динот Хазби Лика да биде министер за внатрешни работи, бидејќи сигурно ги познава многу добро и единиците од Министерството за внатрешни работи, а ги знае и своите соборци.

Понатаму, Фуат Хасановиќ, заменик министер за надворешни работи: по се ова што ни е презентирано, мислам дека неговото работење во Министерството за внатрешни работи, Сектор за општ криминал во Службата за државна безбедност, Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, Сектор за разузнавање и Сектор

за спротивставување на националистичките и терористички активности и од 1999 до 2002 година работи во Агенцијата за разузнавање во Република Македонија, Сектор за исламски земји. По сето ова што е тука презентирано, за да не настане забуна, г-динот Фуат Хасановиќ е предложен за заменик министер за надворешни работи, значи не за внатрешни работи, туку за надворешни работи. Сега пак ќе се вратиме на султанот, после кој ќе ни биде виновен ќе видиме на крајот. Значи г-динот Фуат Хасановиќ од едно министерство за кое има многу познавања доаѓа во Министерство за кое допрва треба да се подготвува и учи.

Господинот Ракип Дочи е роден на 23.03.1967 година во с.Блаце. Завршил Природно математички факултет, Отсек Хемија, во Скопје, 1990 година. Движење во службата: новинар во Радио-Скоје, професор во гимназијата "Зеф Љуш Марку", заменик на директорот за животна средина и професор во гимназијата "Зеф Љуш Марку". Значи г-динот Ракип Дочи, заменик министер во Министерството за економија, од новинар, од професор во оваа наша ситуација оди во економскиот сектор, каде што сите гледаме дека напредокот се бара, а гледаме дека сите дискусии по точките од 62-та седница на Собранието се однесуваат на тие проблеми. Поставуваме човек на кој не знам која е допирната точка со економијата, мислам дека нема ни тангента. Значи поставуваме човек заменик министер за економија. Мене не ми е јасно, не знам кој е предлагачот и мислам дека требаше пред да разговараме за сите овие кандидати за заменици министри да добиеме барем некакво објаснување за што се работи.

Понатаму, доаѓаме до г-динот Максуд Али, заменик на министрот за труд и социјална политика. Роден е во Охрид, дипломирал на Економскиот факултет, финансиско банкарска насока во 1983 година. Работел во Стопанска банка - филијала Охрид, а од 1990 година во Трговското друштво "Зорче Комерц" - Охрид и човекот доаѓа како заменик на министерот за труд и социјална политика. Ако се згрешило еднаш, не требало да се повторат грешките уште еднаш. Но во секој случај еве, г-динот е таму и ќе продолжи и покрај нашите укажувања дали било вака или така. Тој ќе си ја продолжи работата без оглед дали ние говориме или не говориме, тоа е нешто многу малку битно.

Г-динот Џевад Адеми, се предлага за заменик министер за локална самоуправа. Ова е многу интересно затоа што локалната самоуправа и законите треба многу скоро да ги разгледуваме во овој Парламент и го глеаме договарањето на Владата кое трае со денови, тој ќе треба да помага и да ја води работата дипломиран новинар. Роден е на 8 декември 1962 година во село Голема Речица -

Тетово, значи еден услов исполнува, дипломирал на Филолошки факултет, Група Книжевност во Приштина и завршил студии по новинарство на Универзитетот во Тирана, значи уште два услови исполнува. Има активно познавање на француски јазик. Бил директор на “Рилиндија”, уредник на политичката прогарма во ТВ АРТ во Тетово, директор на Издавачката куќа “Коника” - Тетово и што е многу поважно, изгледа најважно од ситуацијата да го изберете, г-да од позицијата, заменикот министер, тој е Генерален секретар на Народната демократска партија со седиште во Скопје, член на Централното пртседателство на ДУИ и бил пртседател на Здружението на политички осудувани и прогонуваме лица во Република Македонија со седиште во Тетово.

Од сето ова не гледам апсолутна никаква поврзаност со локалната самоуправа и со она што значат закони кои што многу скоро ова Министерство ќе има толку големи обврски кон граѓаните и воопшто кон донесување на овие закони. Мислам дека ваквиот предлог едноставно на министерот нема да му биде многу од корист. Но, во секој случај, еве се обидов да ги претставам само дел од овие заменици министри кои што се тука пред нас и кои што денес треба да ги избереме. Вашиот предлог е тој. За жал апсолутно не одговара на вистината, апсолутно не одговара на стручноста и на она што Република Македонија во овој момент го побарува. Затоа јас лично ќе гласам против. Ги повикувам и пратениците од позицијата да размислат добро за кого гласаат, уште еднаш да ги прочитаат овие биографски податоци кои што се и кај нив понудени, после тоа да не дојдеме во ситуација, мислевме, рековме но не завршивме ништо. Затоа уште еднаш ве повикувам многу одговорно при притискањето на зеленото копче да размислите дали треба да го сторите тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Иако г-динот Мавровски е познат по тоа што практикува не само долго да зборува, познат е и по тоа што ги анатемисува луѓето. Јас би сакал да му укажам , да не се чепка со г-динот Максут Али, за неговата чесност, професионалната подготвеност и стручната подготовка може вода да му носи.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Г-динот Хасипи јас не знам кога, што и како видел и што видел. Јас го кажувам ова што г-динот Максут Али лично не го познавам, може тој му носел некаде вода. Но, во секој случај ова што тука е презентирано за г-динот Максут Али, дипломирал

на Економскиот факултет - финансиско-банкарска насока во Скопје, работел во Стопанска банка филијала - Охрид, а од 1990 година, во Трговското друштво “Зорче-Комерц”. Ако е ова за г-динот Хасипи и за граѓаните на Република Македонија она што треба да му носат вода на овој г-дин, тогаш да повелиме сите да почнеме да црпиме вода, бидејќи ја имаме во изобилство во моментот во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, не го гледам премиерот иако треба да биде тука, кога расправаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам предлагачот на овие решенија за замениците, да влезе во салата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи денеска имаме избор на заменици министри во Владата која пред некој ден ја избравме, поточно ја избра Парламентот. Јас би сакал накратко да дадам еден осврт, она што јас го согледувам и она што јас го мислам.

Почитувани пратеници на прв поглед кога ќе се погледне листата на предложени заменици министри, значи вкупно 14 заменици министри, веднаш паѓа во очи дека политичкиот договор работи и дека врз основа на тој политички договор е составуван составот на замениците министри. Најнапред морам да кажам дека премиерот во стилот на она што го направи со изборот на Владата , продолжува и со замениците и тоа е можеби логично од негова страна, значи го задржува континуитетот, поточно го слуша неговиот претходник. Така што и овде нема некакви големи радикални промени во составот на заминиците министри.Факт е дека имаме три нови лица , поточно тројца нови кандидати за заменици минстри и тоа доаѓаат во ресорот на здравство, во ресорот на локалната самоуправа и во ресорот на економија. Исто така, имаме само едно поместување од постоечкиот состав, заменик министерот на локалната самоуправа сега оди во ресорот правда. Тоа е првата карактеристика која паѓа во очи, а она другото се е стариот состав на заменици министри. Исто така, ако погледаме каква е распределбата на заменичките места во Владата, веднаш е воочливо дека ако некоја партија од политичките договори кога се составуваат заминичките места, ако некоја партија профитира, поточно добива, очигледно е дека тоа е ДУИ. Зошто е тоа така, најдобро знае премиерот. Инаку воочливо е пет заменички министерски места добива ДУИ и тоа не се за потценување. Тоа е одбрана, тоа е МВР, тоа е економија, локална самоуправа и

земјоделие како што беше и досега. Од друга страна забележливо е , а тоа и колегата Спиро Мавровски го кажа, значи факт е дека оние уставни амандмани кои што ги донесовме по однос на пропорционалната застапеност каде што издејствувавме во рамките на Уставот да се води сметка за пропорционалната застапеност, и ако сега го погледаме каков е составо на замениците министри, точно е, пропорционална застапеност имаме и ако се базираме на она минимум 20% според бројот на населението, ќе видиме дека минимумот е исполнет, ама за жал на македонската страна. Во овој состав на заменици министри помал е бројот на македонските заменици министри, а поголем е на она што го викаме етнички заедници. Ако е тоа политика на премиерот, не би не чудело ако и во иднина ваков состав гледаме и во составот на Владата. И тоа не е ништо трагично, не е ни толку проблематично. Факт е дека сега може да се види и јасно се гледа дека на крајот на краиштата со оглед на она што го добива ДУИ не залудно ги полнеше кутиите. Значи овде се гледа токму нивната заслуга , а од друга страна се гледа каква ќе биде нивната смерница во она што се нарекува Влада. Јасно е дека ресорот локална самоуправа мора да има некаква контрола од ДУИ, јасно е дека на тоа место доаѓа г-динот Џеват Адеми за кој што овде во биографијата која ни се нуди, навистина интересна биографија. Освен она што го кажа г-динот Мавровски дека бил новинар и како се движела неговата кариера, што завршил итн. многу е битно, значи да не пропуштиме дека бил сепак генерален секретар на Народната демократска партија со седиште во Скопје, дека е член на централното претседателство на ДУИ. Тоа кај ниеден друг кандидат во оваа биографија не го видов, значи тоа е некаков критериум. И да не заборавиме, многу битна работа, бил претседател на Здружението на политички осудувани и прогонувани лица во Република Македонија со седиште во Тетово. Значи кај овој г-дин битно е тоа  што покрај тоа што е дипломиран новинар, битни критериуми за да се стане заменик министер се токму овие три работи, бидејќи се апострофираат во неговата биографија. Што пак ќе напоменам кај другите кандидати не сум сретнал. Мислам дека беше пракса вакви биографски податоци да не стојат. Значи, јасно е зошто овој г-дин со една ваква биографија оди во ресорот на локалната самоуправа. Да ве потсетам, сите сме свесни, сите знаеме дека во најскоро време, зависно од тоа кога премиерот и неговите коалиционие партнери ќе се договорат, овие денови интензивно се работи на тоа, значи јасно е дека во Собранието ќе стаса пакетот на закони за децентрализација и јасно е дека токму г-динот Џеват Адеми, или преку неговата партија треба да ја има таа улога, да не ни се случи нешто да се отстапи од некаков

договор, да се отстапи од она што во првата фаза помина овде во Собранието, поточно во поделбата на општините. Тоа е многу јасно. Инаку, не ја гледам причината зошто мораше да се прави претумбација во локалната самоуправа на местото на досегашниот заменик министер да доаѓа нов и тоа од ДУИ. Исто така, ако ги погледаме и квалификациите, стручните квалификации, веќе одамна во Република Македонија е надмината онаа теза или оној критериум дека обично треба да се гледа што е по струка, па таков ресор да добива, тоа е веќе одамна надмината работа. Во Република Македонија почнувајќи со г-динот Бранко Црвенсковски како премиер не ретко ни се случуваше да се измешаат лончињата, па не е битно кој што е по квалификација, битно е во зависност од пазарењето кој ресор ќе го добијат. Така што тоа е одамна надминато. Е сега чест на исклучоци. Имаме тука и погодени кадри, да речеме благодарение на моите прилепчани г-динот Димко Кокароски и Тале Герамитчиоски кои што по игра на случај, благодарение на нивната квалификација го погодиле вистинскиот ресор, односно мандаторот, премиерот им го погодил вистинскиот ресор.Исто така и кај Министерството за здравство тоа мора да го потенцираме . Точно дека г-гиднот Андреа Арсовски со оглед на онаа биографија која овде ни е приложена, навистина незнам како успеал премиерот да го погоди ресорот, случајно можел да му даде и нешто друго. Ако ги читаме сега биографиите токму кај овие три, или можеби уште еден, двајца , кај г-ѓата Мелпомени Корнети еве би ја издвоил. Значи точно е дека врз оносва на она што го поседуваат како знаење и искуство заслужуваат да бидат таму каде што се предложени. Меѓутоа, за жал во Република Македонија не ќе можеме да составиме Влада, а ниту заменици министри врз основа на квалитет кој што треба да го исполнуваат на функцијата на која доаѓаат. Многу е побитно колку заменици министри ќе има ДУИ, колку ќе има СДСМ, колку ќе има ЛДП и дали ќе има некој друг од коалицијата која ги поддржува . И при една таква состојба нормално е да ни се случува една ваква измешана ситуација во која што разликите во биографиите и во квалитетот на оние кои што доаѓаат е очигледен. Па затоа нема да ни се случи, не е ни чудно , бидејќи во Македонија се е нормално, да видите еден доктор на науки со огромно искуство, со искуство кое што овде во биографијата можете да го прочитате сите каде што се зборува дека бил искусен и како професор напишал незнам колку стручни трудови итн. а сепак е заменик министер. А на негово место, значи ресорот каде што е тој заменик министер седи човек кој едвај , односно негово прво вработување можеби е Министерство за финансии покрај оние парламентарни искуства, а од друга страна е магистар. Значи, тоа во некоја нормална држава со

исклучок на Македонија би бил некаков критерим кога би се делеле министерските, или замeничките места во однос на квалитетот за кој што сите се залагаме. Меѓутоа, за жал во Република Македонија таа пракса најверојатно уште подолго ќе треба да ја чекаме да дојде, можеби до оној ден додека не влеземе во ЕУ, а кога ќе биде тоа, искрено незнам.

Затоа почитувани колеги кога се составува и Влада, но и заменици министри заради тие партиски пазарења и заради тоа кој каква функција има во партијата, дали е член на претседателство како што е овде во биографијата наведено за г-динот Џеват Адеми, па тоа го издвојува од другите кадри за кои што верувам дека и во ДУИ има многу поквалификувани од него, меѓутоа заради тоа што е или истакнат член на претседателство, или докажан борец за човекови права, секогаш местото е предност за нив, одколку за некој поквалитетен итн. Затоа почитувани колеги да не ве чуди кога граѓаните на Република Македонија бараат резултати, очекуваат после секој избор на Влада дека во Република Македонија ќе се случи нешто на подобро. За жал, еве , некој рече остаревме од чекање. Меѓутоа, факт е дека до ден денеска ништо подобро не се случува, а и со оглед на она како ги предлагаме и министрите и замениците кој знае и дали воопшто нешто подобро ќе се случи.

Инаку, кога сме кај Министерството за образование мора да напоменам една друга работа, да речеме г-динот Тале Герамитчиоски останува заменик министер и не често, односно не ретко ние во јавноста слушавме многу различни ставови изнесени на ПРЕС конференции, изнесени овде во Парламентот, кога министерот за образование излегува со еден став, а г_динот Тале Герамитчиоски со друг став, или за некои работи министерот соопштил, замeникот немал поим за што станува збор. Последниот пример дека сега треба да учиме сите албански во сите училишта не скоро го слушавме дека г-динот заменик министер нема поим за таква изјава. Меѓутоа, колку тој повеќе нема поим, толку побрзо нас ни се воведуваат некои решенија. Мене ме чуди како понатаму ќе опстојува оваа релација. И пак би го повторил она за кое што веќе кажав. Значи во Министерството за образование благодарение на тоа што ресорот му припадна на ДУИ, имаме министер кој е далеку од квалификациите да биде министер, а г-динот Тале Герамитчиоски кој сепак е доктор на науки и тоа наука која соодвествува на Министерството за образование е заменик. И затоа не случајно ќе се најде во една ваква корелација кога нема да знае што мисли министерот и што предлага.

Во основа почитувани колеги нема многу што ново да кажеме од овој состав на замeничките места во Владата, односно замениците министри и јас лично, а и

ние како политичка партија не очекуваме кој знае што. Очекуваме дека и понатаму агонијата во Република Македонија и со изборот на Влада и сега со изборот на замениците министри кои се дел од Владата , оној втор ешалон , нема што позначајно да се случува. Во основа ќе остане и понатаму политичките пазарења , политичките договори и прговори и многу ќе биде битно и во иднина и сега кој колку министерства ќе земе, кој какви заменички места ќе земе, а воопшто не се гледа дали Република Македонија треба да продолжи по патот кон реформи и како тие треба да се спроведат. Заради тоа почитувани колеги, јас од овој состав на заменичките министерски места не очекувам кој знае што . Апсолутно очекувам дека ќе продолжи онаа апатија која и досега владееше и заради тоа нема да гласам позитивно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Абдулаким Адеми.

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Благодарам г-дине претседател,

Сакам да реплицирам со претходниот говорник, истовремено да се заблагодарам за добрата реклама на заменици министрите, тоа е една вистинска промоција од страна на г-динот Караџоски. Г-дине Караџоски, кога зборувате за квалитетот на заменици министри треба да имате во предвид една работа, да ве потсетам вас и јавноста дека токму бившиот премиер , вашиот премиер беше книжевник. Министерот за внатрешни работи беше готвач на торти, а сега остана само уште да стави шлагот на таа торта. Што се однесува до кадрите на ДУИ, ние ги определуваме кој на која позиција ќе биде. Нема потреба вие да се грижите за ДУИ. Ние ја имаме одговорноста за нашите определби.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Е токму тоа г-дине Адеми е лошо што вие ги определувате кој кадар каде ќе биде, а не премиерот кој е по Устав надлежен и по закон надлежен да ги определува. Токму тука е проблемот и за тоа и зборувам. И незнам од каде ја видовте рекламата што ви ја дадов и незнам во што видовте дека ве рекламирам . А факт е и тоа мора да го признаете, а сами сте го кажале во онаа биографија која овде ни ја доставувате дека пред се битен фактор за вашите министри кои што ги предлагате е каква улога имал во рамките на партијата , или во партиските кругови.

И кога зборувате за претходната Влада, или мојата Влада како што ја нарекувате, јас не кажав, не ја поделив ниту Владата на Бранко Црвенковски, ниту некоја друга, туку кажав дека е честа пракса во Република Македонија така да се

прави. И заради тоа можеби резултатите се вакви какви што се. Меѓутоа, заборавивте што ветувавте дека вие со тие пракси ќе престанете и дека вие во иднина ќе работите онака како што треба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трендафилов, имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас очекував, пред се, кога расправавме за составот на старо новата Влада да има некаква реакција, пред се, околу застапеноста на припадничките на женскиот пол, тогаш попусто се понадевав, но сепак сум бил во право за време на расправата за законот за локални избори кога велев Собранието на Република Македонија на овој начин ги ограничува дел од граѓаните на Република Македонија да ги составуваат листите за советници на начин како што тие мислат дека е најдобро и истовремено на одредена група на граѓани со разни псевдодемократски мерки им го кажува нивниот интелектуален политички лимит, кои можат да го имаат во јавниот и во општествениот живот на Република Македонија. Уште еднаш ќе нагласам дека тие се добри до ниво на локална самоуправа, значи да бидат советници, но апсолутно не припаѓаат во сферата на извршната власт, што значи тие можат да бидат министри и не можат да бидат заменици министри, затоа што инаку не би биле вкупно четири во рамките на Владата на господинот Костов.

Исто како и таканаречениот состав на министрите од господинот Костов и овде распределбата на заменичките места во министерствата на Република Македонија оди во две насоки, а основната, од која понатаму излегува и политичката поделба на ресорите и на таканаречената политичка одговорност, за жал, е само етничката поделба. Инаку, во некои други времиња и во некакви поинакви услови, апсолутно не би станало збор заедничкото потекло на предложените кандидати, но за жал, Република Македонија егзистира една сосем поинаква реалност, каде што најлошо е и најлоша стартна позиција има државјанинот на Република Македонија, кој е македонец по род. Значи, тој не може себе си да се најде во никакви, ниту заштитени квоти, ниту во некаква операција на позитивна дискриминација и најверојатно ние со денешниот евентуален избор на замениците министри, ќе го заокружиме и ќе го завршиме фактот дека можеме и имаме или ќе имаме во овој момент Владата на Република Македонија, во која министрите и замениците од било кога се најмалкку македонци по род. Знам дека можеби на некој ова нема да му се допаѓа, но за жал, таква е реалноста во Македонија ако некој македонец по род

проговори за таквата ситуација, реално е да очекуваме дека ќе биде анатемисуван, жигосуван и нарекуван било како, но вистината е таа, ни се допаѓала нам или не.

Мислам дека секое министерство на начин како што функционираше во минатиот период ќе продолжи да функционира и во иднина. Тоа значи најмалку во интерес, во јавниот интерес на граѓаните на Република Македонија, а мислам иако сите конкурираат, сите министерства конкурираат кое министерство би било земено за некаков вид на јавна елаборација, затоа што до совршенство е изразена и доведена оваа неприродна симбиоза која владее во извршната власт во Република Македонија, како што и зборуваше господинот Караџоски, мислам дека Министерството за образование е школски пример за таа неприродна симбиоза, без оглед дали министерот и заменик министерот за образование комуницираат на начин како што треба да комуницираат, воопшто не комуницираат или само се преправаат дека не комуницираат. Впечатокот во јавноста е дека ние практично имаме две министерства за образование. Едното е на господинот Азис Положани, кој има конкретни обврски, финансиски средства и права. Другото е она на заменик министерот господинот Герамитчиоски, кое има само некаква украсна улога односно тој нема ниту буџет, ниту ингеренции, ниту обврска, ниту било каква одговорност. Нивната комуникација во минатиот период понекогаш беше трегикомична и се сведуваше на комуникација меѓу слеп и глув. Колку и да се обидуваше заменик министерот да ни докаже дека нешто што е кажано од министерот нема да се случи, можеби и имаше некаква надеж дека и навистина таквите проекти не постојат во работниот план во Министерството за образование, но од самото експозе на господинот Костов ми стана јасно, бидејќи оваа Влада и официјално се прогласи за ненадлежна за многу работи и најненадлежна е, најверојатно во сферата на образованието. Тоа е така, затоа што образованието е нешто што многу тешко може по пат на неприродна симбиоза, по пат на едни такви неприродни односи да ги задоволи таканаречените етнички или партиски желби и интереси во еден, за жал, фундаментален систем, не само во нашата земја. Секој обид, а за жал тие обиди продолжуваат и понатаму да се задоволат таканаречените етнички и политички интереси на партиите кои партиципираат во овој момент во Владата на Република Македонија, предизвикува револт во јавноста и со секој чекор не оддалечува од она што се нарекува квалитетно образование, кое е достапно за најголемиот број од граѓаните на Република Македонија. (Премиерот за момент излезе од салата). Да го почекам господинот Костов?

Значи, Министерството за образование е школски пример за нефункционирањето и од обидите да се задоволат таканаречени етнички барања, права и желби, кои ќе истакнам за жал, секогаш одат во насока на штета или предизвикуваат вознемиреност меѓу граѓаните на Република Македонија кои се македонци по род. За жал, таканаречените псевдодемократски мерки со кои оваа Влада се обидува да ги претстави во убава светлина активностите кои се во програмата за работа на Владата, со самиот избор на веќе старо-нови министри во Владата на Република Македонија, не дава надеж дека работите ќе почнат да се одвиваат во позитивна насока.

Од тие причини, се разбира, уште еднаш ќе ги повикам пред се предлагачите на членот во Законот за локални избори, како што тоа го направив и при изборот на министрите во Владата, да не го поддржат изборот на замениците, затоа што не е одраз на, како што тие рекоа, нивните заложби во Република Македонија, да се воспостави пракса која е вообичаена во земјите на ЕУ и да не гласаат заедно со пратениците од редовите на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов.

Годсподинот Хусеин Хусеинцевад има три минути реплика.

ХУСЕИН ХУСЕИНЏЕВАД:

Претходниот говорник го спомна најмалиот број на македонците по род, што мисли дека ќе претставува хендикеп за Владата на Република Македонија.

Почитуван господине, јас мислам дека е веќе време да размислувате дека точно хендикепот беше од порано и семето на злото е посеано во оваа држава токму тогаш кога Владата претставуваше 90% на министри, заменици министри и тн. македонци.

Второ, вие не можете никако да му го простите на Министерството за образование за подготовката на Законот за Тетовскиот универзитет и сосема сте тука пристрасни. Во споредба со Министерството за образование во вашето време, сегашното министерство за образование има навистина неспоредливи постигнувања со Министерството во тоа време.

Трето, еден предлог. Што поскоро од вашиот ум да ја извадите таа носталгија за етничка доминација, толку поскоро оваа држава ќе оди напред и вие нема пред Европа и пред меѓуародниот фактор да покажете една црна сенка за тие да покажат резерви во помошта која ни ја даваат. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, господине Трендафилов, повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Вакво нешто имав во предвид кога зборував за односот кон македонците по род. За жал, во една тажна и прекрасна песна од Прличев токму се опишани вакви состојби, а стихот вели "Лицем светци, срцем волци". Тоа е македонската реалност денеска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Андов, имате збор.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван господине претседател, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Денес еве имаме листа на заменици кои треба да ги избереме и со оглед на тоа пред кои се задачо се наоѓа Владата и Парламентот, мислам дека ова е добар потег на премиерот така брзо после изборот на Владата да излезе со листа на заменици. Слабоста на листата за заменици е неговата обврска да балансира и да ги задоволи сите барања на коалиционите партнери, за што секако трпи квалитетот. Се разбира, таа ситуација, таа доминација на политичките партии и нивните слагања и неслагања при правење на Владата подолгов реме е присутна кај нас и ќе биде присутна и мислам дека некој појасен концепт на Владата тешко ќе може и да се остварува, токму и заради тие околности. Дури, така се комплицирани тие односи меѓу коалиционите партнери, веројатно, не само границите на општините, туку и градоначалниците и на Скопје и на другите таму, ќе бидат во општата калкулација на заменици, на министри и тн. Сметам дека тоа е нездрава клима, но со тоа се соочил премиерот и тој овде убаво не запозна дека тоа била причина зошто тој не почекал малку да направи некои нови решенија во Владата, туку така топтан ја земал како што му ја остави господинот Бранко Црвенковски. Таа околност е таква и поради тоа што не гледаме што произлегува во составот на замениците министри, што доаѓа како новина и потреба од поинаквите потреби на премиерот на неговото соочување и на Владата со она што не очекува нам во иднина, ние нема да гласаме за овој состав, ќе гласаме против. Инаку, сакам да си го кажам личното мое мислење. Ние сигурно треба да преговараме и за таа пропорција етничка и тн. Сигурно дека ова е дел од вкупните односи. Се согласувам со господинот Теменугов дека сега е малку намален бројот на македонците по род, како што вели, припадниците на македонскиот народ во составот на Владата. Тој проблем секако заради

избегнување на фрустрации на најбројниот етникум на Македонија овде и кој носи најголема одговорност заради бројноста и секаде е тоа така, потребно е и за тоа да се води сметка.

Инаку, сакам да кажам дека, иако ќе гласаме против оваа Влада, ние немаме забелешки на кандидатурата на господинот Џевад Адеми. Јас како претседател некогаш на Собранието присобирав податоци и ако се сеќавате во декември 2000 година излегов со една изјава дека е потребно нашата држава да направи некоја корекција на амнестија, дури и социјална алиментација на правата на некои луѓе кои се судени во Македонија и репресирани за дела кои во светот такви казни не се изрекуваат. Еден од тие личности беше, што ми даде повод тоа да го правам и господинот Џевад Адеми. Каков заменик министер ќе биде, јас не знам. Само не гледам вината да му е тоа што некогаш бил репресиран. Напротив, мислам дека бил неправедно репресиран, барем по податоците што мене ми беа доставени и тоа не смее да му смета и не би требало да му смета во неговиот животен пат.

Еве, овие работи сакав да ги напоменам во ова излагање на нашиот став. Нашиот став и вашето гласање е од концептуална природа. Мислиме дека ваквиот состав на избор на заменици министри е во општата шема на рамнотежи и отстапки, повеќе кадровски и шпекулативни, отколку концептуални меѓу коалиционите партнери и ние за тоа за нив нема да гласаме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Андов, повелете господине Дика имате збор.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател, господине премиер, почитувани членови на Владата, колеги пратеници,

Го искажувам ставот на Демократската партија на албанците што се однесува до овој предлог за именување на заменици министри, предложен од премиерот. Ние ќе го кажеме уште еднаш својот став во врска со оваа Влада на континуитет, Влада старо-нова. Уште еднаш ќе го кажеме нашето гласање не против оваа Влада и со новиот состав заменици министри, затоа што нашите забелешки, пред се, што се однесува до деформирањето на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, имајќи ги предвид сите оние работи, а пред се, како што се третира употребата на албанскиот јазик, што е далеку од службен јазик. Значи, се парализира на еден начин што е неприфатлив за употреба на јазикот, како што се предвидува во Охридскиот рамковен договор.

Потоа, вториот столб од овој договор, навистина, вистинско претставување на албанците во институциите на државата. Значи, нема никаков помак напред. Мислам дека позицијата на албанците е инфериорна и служи само како декор. Имаме една катастрофална состојба во економијата. Вработувањето е во подем, во раст и сиромаштијата, која навистина ја доведуваат во опасност функционирањето на државата. Ова се предизвици кои навистина се горчливи и тие кои го земаа мандатот да формираат Влада треба да донесат еден консензус, со една единствена цел сите потенцијали, сите ресурси кои што постојат да можат да се концентрираат, за да се излезе од ова ситуација. Но, за жал, парламентарното мнозинство ни нуди Влада во континуитет, што значи ќе продолжи овој тренд на имплементација на Охридскиот договор и ќе политика на една ваква економска состојба.

Затоа ние имаме многу дилеми и сомнежи дека оваа Влада не само што нема капацитет, ситуацијата од ден на ден се влошува и мислам дека ќе биде уште полоша.

Од друга страна сакам да кажам дека функцијата на заменик министер, за жал според мое мислење, веќе е депласирана функција и многу тешко може да се говори дека заменици министрите ќе имаат некое влијание во раководењето со ресорите и политиката што ја донесува Владата и министрите. Ние имаме еден случај кој до ден денес не се објаснува, а тоа е што година ипол немаме заменик министер во Министерството за економија. Тоа место повеќе од година дена остана непотполнето. Тука се гледа колку е сериозноста на функцијата на заменик на министер. Од ова ние можеме да констатираме само дека тоа ќе биде само еден вид, тоа место, таа функција и тие луѓе ќе фигурираат само како име.

Заради реалноста во однос на јавноста сакам да потенцирам дека и во претходната коалиција, што се однесува до етничката припадност на албанците имаа 5 заменици министри, што значи дека во овој случај немаме никаков помак напред. Понудата исто така мислам дека нема некој капацитет кој што ќе направи едно поместување кое се однесува до гласањето во однос на Владата, во случајот и во однос на замениците министри, во однос на приодот , пристапот што го има мнозинството во Парламентот во однос на ситуацијата мислам дека се потценува сериозноста на ситуацијата, непостоењето на реформите, неимплементацијата на Охридскито договор, неупотребата на албанскиот јазик, неучеството на албанците во државните институции во име на рамноправно партнерство и затоа нашата

апрламентарна група, за жал, ќе гласа против овој состав на заменици минситри предложени од премиерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Фазли Велиу.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Во врска со дискусиите на последните двајца дискутанти, за забелешките на Андов нема да говорам...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И не можете.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Ќе зборувам за ставот на Замир Дика. Дали ќе гласа или не тој и ДПА тоа не е од некое посебно значење. Тие не беа фактори ниту пред прашањето пред 2001 година, пред, но и по 2001 година. Тие бараат ние да направиме нешто, а самите ништо не прават. Тие секогаш забележуваат, а тие не влегуваат во процесите за да го поправат нивниот имиџ и истовремено поставуваат мораториуми, а тоа значи смрт и повторно се вклучуваат во процесот за заживување кога тие се во состојба на смрт. Ние не можеме да ги разбереме навистина нивната статегија, навистина што сакаат да направат и затоа ги молиме да не вршат или да не прават никакви забелешки за нашите луѓе што ги предлагаме во Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Почитуван колега, или како што го нарекуваат поет вашиот марксистичколенинистички став не ства во ситуација да разберам дека не е ова став на Замир Дика, туку став на ДПА. Значи стојат парламентарците. Вие треба да го почитувате плурализмот, а мислам дека ги подржавте моите зборови претходно за капацитетот на оваа Влада со еден многу застарен менталитет. Многу ми е жал што не го почитувате сето ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Иако рековте дека е став на ДПА, сепак се јави г-динот Насуфи за збор. Претпоставувам дека ова не е став на ДПА, барем не кај сите.

Се откажавте, или ќе зборувате г-дине Насуфи.

(Господинот Насуфи не се јави за збор).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата затоа што е потребно 61 пратеник од вкупниот број на пратеници.

(Пратениците влегуваат во салата).

Сите пратенички групи се изјаснија дека ќе гласаат.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и прелдогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои 66 гласале за, 1 воздржан и 8 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Врз основа на резултатите од гласањето констатирам дека:

Ризван Сулејмани е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана.

Хазби Лика е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи

Тања Алтанџиева е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда.

Фуан Хасановиќ е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи.

д-р Димко Кокароски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за фиансии.

Ракип Дочи е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија.

Бесир Јашари е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доц. д-р. Анде Арсовски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство.

Тале Керамитчиоски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука.

Максут Али е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика.

Џевад Адеми е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа.

Мелпомени Корнети е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура.

Дејан Кошутиќ е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и  врски.

Драгољуб Матовски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Дозволете ми од мое и ваше име да им го честитам именувањето на замениците на минситрите и да им посакам успешна работа.

Бидеки дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 68-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз)

(Седницата заврши во 12,00 часот).